РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-569
22-03-2018 година
СКОПЈЕ

09 - 615/4

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Безбедност, одбрана и мир на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Безбедност, одбрана и мир на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр. 1409-263/13 од 06.02.2018 година за акредитација на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Безбедност, одбрана и мир на Филозофскиот факултет Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се обрати со барање бр. 09-173/5 од 22.02.2018 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 број 14-569 од 23.02.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Безбедност, одбрана и мир на Филозофскиот факултет..

Министерството за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-569 од 07.03.2018 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 14.03.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-569 од 15.03.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Безбедност, одбрана и мир на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение, може да се заведе управен спор со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
проф. д-р Рената Дескоска

Доставена до:
- Именуваните
- Архива

изработил: Биљана Зафировска
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити